РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ
Бр. 0307-614/1
17.11. 2021 год.
СКОПЈЕ

BALKANIA

А.Б.А.Т. БАЛКАНИЈА – Скопје

БАЛКАНИЈА
АСОЦИЈАЦИЈА ЗА БАЛКАНСКИ АЛТЕРНАТИВЕН ТУРИЗАМ
Бр. 019/21
17.11. 2021 год
СКОПЈЕ

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

**ПОМЕЃУ**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ**

**И**

**А.Б.А.Т. – БАЛКАНИЈА СКОПЈЕ - БАЛКАНСКА АСОЦИЈАЦИЈА ЗА АЛТЕРНАТИВЕН ТУРИЗАМ**

**ПРЕАМБУЛА**

Овој Меморандум за соработка (МС) се склучува помеѓу: **Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Земјоделски институт – Скопје (Земјоделски институт-Скопје)** претставуван од директорот проф. д-р Виктор Ѓамовски и **А.Б.А.Т. – БАЛКАНИЈА Скопје - Балканска Асоцијација за Алтеративен Туризам (А.Б.А.Т. – БАЛКАНИЈА Скопје)** претставувана од претседателот Владо Србиновски кои изразија интерес за заедничка соработка во областа на земјоделскиот сектор и руралниот развој, преку унапредување и развој на алтернативниот рурален туризам.

**Земјоделскиот институт – Скопје** е научно истражувачка и високообразовна установа, која како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје врши научно истражувачка, високообразовна дејност од втор циклус на студии и апликативна високостручна дејност во научното поле на биотехничките науки од областа на земјоделството и руралниот развој (одгледување на поледелски и градинарски култури, овошки и винова лоза, земјоделски пазар, деловно работење, агротуризам, наводнување и одводнување, преработки, производство на семе и саден материјал, педологија, заштита на растенијата во согласност со заштитата на животната средина и природните ресурси, анализа на политики и стратешко планирање, екологија, биодиверзитет, климатски промени и обновливи извори на енергија).

**А.Б.А.Т. Балканија** - Скопје е Балканска Асоцијација која работи на развој на алтернативниот туризам на целиот балкански регион и спроведува активности за промоција на регионот претставувајќи го како атрактивна туристичка дестинација со исклучително природно, историско, културно и антрополошко наследство. Исто така, Балканија во континуитет реализира голем број ЕУ проекти и програми за едукација и надградба на знаење и вештини на различни таргет групи на млади и возрасни лица преку неформалното образование и помага во развојот на човечките капацитети во областа на културен, рурален и одржливиот туризам.

**ЦЕЛ**

Соработката помеѓу **Земјоделски институт-Скопје** и **А.Б.А.Т. Балканија** - Скопје има за цел подобрување на меѓусебната соработка и заедничко делување за развој и унапредување на едукацијата, истражувањето и трансферот на научното, теоретското и практичното знаење во областа на земјоделството и руралниот развој, особено на алтернативниот туризам, што ќе придонесе кон поинтензивен, одржлив и инклузивен социоекономски развој на руралните средини на територијата на целата република и пошироко на балканскиот регион.

## ОБЕМ

**Земјоделски институт-Скопје** и **А.Б.А.Т. Балканија** - Скопје се согласни:

- да одржуваат редовна комуникација и да разменуваат информации и податоци што се од заеднички интерес;
- заеднички да се залагаат за изнаоѓање на расположливи средства и фондови за аплицирање и спроведување на заеднички проектни апликации, што ќе влијаат на унапредување на знаењето и размена на искуството за руралниот развој, комуникацијата, економското поврзување, позитивни пракси и иницијативи и воопшто подобрување на целокупниот социоекономски развој на руралните средини;
- да се залагаат во своите програми да вклучат заеднички проекти и да работат на позитивна интеракција помеѓу земјоделството, едукацијата, научното истражување и туристичката индустрија, како најзначајни области кои имаат најголема компаративна предност за развој на руралната економија во земјата;
- своите активности да ги насочуваат кон развој на локалните заедници, невладиниот сектор и научно истражувачките организации за зголемување на општествените и економските придобивки со минимизирање на негативните влијанија и поддршка на локалните заедници за вклучување во туристички и агро-економски развој;
- да се залагаат за создавање услови за поинтензивен развој на земјоделството, науката и туризмот што ги промовира руралните средини во насока на зачувување на природното богатство и културното наследство: фестивалите, храната, фолклорот и традициите на луѓето, обновување и почитување на историските врски и друго што придонесува кон развој на локалните економии на регионите и на целата земја;
- да иницираат проекти, активности и настани кои ќе овозможат промоција на земјата како атрактивна рурална туристичка дестинација на туристички пазар.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Меморандумот е потпишан во 2 (два) еднообразни примероци, од кои по 1 (еден) за секоја страна.

**Потписници:**

**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Земјоделски институт – Скопје**
**Директор**

Проф. д-р Виктор Ѓамовски

**А.Б.А.Т. – БАЛКАНИЈА Скопје - Балканска Асоцијација за Алтеративен Туризам**
**Претседател**

Владо Србиновски

*Потпишано во Скопје,*

*на ден: 17.11.2021 год.*